**20161784008**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 септември 2016 година.

Бр. 08-3996/1
21 септември 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

Член 1

Во Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ број 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15 и 31/16) во членот 9 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Превозникот од ставот (1) на овој член движните ствари кои се во негова сопственост, а за кои престанала потребата од нивно користење може да ги продава во постапка согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, а средствата остварени од извршената продажба на движните ствари се приход на превозникот од ставот (1) од овој член.“

Ставовите (5), (6), (7) и (8) стануваат ставови (6), (7), (8) и (9).

Член 2

Во членот 120 став (2) зборовите: „најмалку пет“ се заменуваат со зборот „три“.

Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за железничкиот систем.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.